# РЕТКИ И ЗАГРОЗЕНИ ГАБИ ВО ПРЕСПА



Во регионот на Преспа, присуството на ретки и единствени шумски заедници и супстрати, особено фојата, има благотворно влијание врз растот на карактеристични видови габи, со изобилство на ретки видови не само на локално туку и на европско ниво. Во текот на последните две децении, постои огромен интерес за собирање габи за комерцијални цели, и зголемен број откупувачи на диви габи што се јадат. Прекумерното собирање сериозно ги загрозува габите, а со неправилниот начин на собирање од страна на индивидуалните собирачи се уништува нивниот мицелиум и стаништата. Популаризацијата на собирањето габи за исхрана има доведено до видно намалување на популациите на габи што се јадат.

Во поглед на постоечките видови габи во регионот на Преспа, употребен е списокот на сите видови објавени досега во научни публикации. При конечното формирање на листата на ретки и загрозени видови земени се предвид видовите што ги исполнуваат следните критериуми:

- Видови предложени за заштита со одредбите на Бернската Конвенција (BC) и листата на Европскиот совет за заштита на габите (ECCF);
- Ретки или загрозени видови обработени во Европската црвена листа (ERL);
- Ретки и значајни видови врзани со загрозени типови екосистеми, односно супстрати.

Поради слабата истраженост на подрачјето, класичниот IUCN систем на категории не ќе може во целост да се примени. Од тие причини изработена е сопствена категоризација прилагодена на наши услови. Категоризацијата на загрозеност на видовите е опфатена во следново:

- посебно ретки или ретки видови и видови што опстојуваат на загрозени или ретки станишта во Преспа и
- видови загрозени поради преголема експлоатација.

**Во однос на првата категоризација, како ретки габи во Преспанскиот регион се одбрани следните видови:**

ЃАВОЛСКИ ВРГАЊ (*Boletus satanas*)
Од другите вргањи се препознава по светлообоената шапка и црвените пори и дршка. Отровен вид што на пресек помодрува. Расте најчесто во дабови шуми (= ERL).

ВОЛЧЈИ ВРГАЊ (*Boletus lupinus*)
Сличен на претходниот вид но со розева нијанса на шапката, црвени пори и жолтеникава дршка. Расте најчесто во дабови шуми, поретко во букови. Отровен вид.

ДУПЧЕСТА ЅВЕЗДИЧКА (*Myriostoma coliforme*)
Плодното тело е ѕвездовидно со 5 до 12 кафеави краци. Хмениумот е тркалезен, сребрено-кафеав, се отвора со повеќе пори и се држи на неколку тенки вратчиња. Многу редок вид, кој расте на песоклива почва. Познат е од островот Голем Град (= ERL, ECCF, BK).

ПРИЛЕПЕНА ЅВЕЗДИЧКА (*Geastrum fornicatum*)

Плодното тело е ѕвездовидно со краци свртени надолу и прикрепени за врвовите на други пократки и пошироки краци, свртени нагоре. Редок вид, познат од островот Голем Град. (= ERL).

ЏИНОВСКА ПУВКА (*Calvatia gigantea*)
Пувка со тркалезна форма и големи димензии, што стигнуваат и до 40 cm. Расте по пасишта, ливади, од средината на пролетта до крајот на есента.

ЖОЛТОКОМОРНА ПУВКА (*Pisolithus arhizos*)
Плодното тело е крушовидно, со дебела кора и темнокафеава боја. Микоризен вид, кој понекогаш се развива подземно. На пресек се гледаат карактеристичните жолти комори (= ERL).

БАТАРЕА (*Battarraea phalloides*)
Плодното тело се состои од дршка (до 25 cm) и химениум во форма на шапка, покриен со кафеав споров прав. Дршката е висока, покриена со влакна и има остаток од волва при основата. Многу редок вид во Европа што расте на песоклива почва. Познат е од островот Голем Град (= ERL, ECCF).

ИГЛИЧАРКА (*Hericium coralloides*),
Лесно препознатлив вид со кораловидна форма и иглички долги до 1 cm. Се јавува како сапроб на паднати стебла и пенушки од листопадни дрвја (= ECCF).

ТЕМНА ДУПЧАРКА (*Hexagonia nitida*)
Медитерански вид со многу широки шестоаголни пори. Се јавува како сапроб на суви гранки и стебла од македонски даб.

ФОИН ТРАТ (*Pyrofomes demidoffii*)
Плодното тело е со копитеста форма, повеќегодишно, прикрепено и расте поединечно. Горната површина е влакнеста и кафеава по боја. Се развива исклучиво како паразит на дива фоја и предизвикува штети во фоините заедници.

ФОИНА АНТРОДИА (*Antrodia juniperina*)
Плодното тело е со задебелена коричка со широки пори на површината. Се развива исклучиво како сапроб на дива фоја на суви гранки и стебла.

ЦРВЕНА ПОКРИВКА (*Hymenochaete cruenta*)
Кореста габа со црвено-портокалова боја. Се развива исклучиво на суви гранки од живи елови стебла. Редок вид познат само од Галичица.

ЗАВОДНИЧКА (*Omphalotus olearius*)
Паразитска габа што расте при основата на стеблото или на плитки корења. Развиените примероци секогаш имаат инковидна форма, па при врнежливи денови се насобира вода. По боја е жолто-портокалова, а во средината кафеава. Се среќава од мај до ноември на широколисни дрвја, најчесто на даб и бука. Често се меша со лисичарката, која се јаде, па доаѓа до труење (= ERL).

ПОРТОКАЛОВОНОГА КОПРЕНКА (*Cortinarius bulliardii*)
Леснопрепознатлив вид со црвено-кафеава шапка и портокалова основа на дршката. Расте наесен во дабови и букови шуми (= ERL).

ТОМСОНОВА СВИВКА (*Pluteus thomsonii*)
Габа со мали димензии (до 3 cm), кафеава боја и карактеристични, истакнати вени на горната површина од шапката. Се јавува како сапроб на дрвни остатоци од листопадни дрвја.

**<u>Видови загрозени поради преголема експлоатација од локалното население во Преспанскиот регион се следните:</u>**

ВРГАЊИ (*Boletus edulis* s.l.)
Под обичното име 'вргањ' се експлоатираат три слични видови: летниот, обичниот и црниот вргањ. **Летниот вргањ** (*Boletus aestivalis*) расте во листопадни шуми од јуни до ноември и има испукана кожичка на шапката. Заедно со него се собираат и многу сличните **обичен** (*Boletus edulis*) и **црн вргањ** (*Boletus aereus*). Од отровните вргањи се разликуваат по тоа што со откинување на парче од месото не ја променуваат бојата (не помодруваат). **Кралскиот вргањ** (*Boletus regius*) има убава розева боја на чадорчето и интензивно обоена жолта дршка и пори. Расте во листопадни шуми, најчесто во дабови, од втората половина на јуни па сé до топлите зимски месеци.

СМРЧКИ (*Morhella* spp.)
Обичната смрчка (*Morchella esculenta*) расте напролет на ливади, во паркови, градини, покрај патишта и во светли, листопадни и мешани шуми. Таа е една од најквалитетните габи. Можна е замена со други видови смрчки како **конусовидната** *(Morchella conica)* и **високата смрчка** *(Morchella elata)*, но, сите се јадат.

ЈАЈЧАРКА, БУЛКА, ЦАРСКА ГАБА (*Amanita caesarea*)
Се среќава на отворени и топли места, во светли и листопадни (најчесто дабови) шуми од јуни до октомври. Чест и широко распространет вид и е една од највкусните габи, позната уште од римско време, по што го добила и името. По портокалово - црвената боја на шапката и жолтите ливчиња лесно се разликува од отровната мувоморка, која има изразени бели ливчиња и дршка (= ECL, ECCF).

ЛИСИЧАРКА (*Cantharellus cibarius*)
Микоризен вид, расте поединечно или групно во иглолисни и листопадни шуми. Широко распространет и многу чест вид. Има карактеристична жолта боја и ливчиња во форма на ребра што се спуштаат длабоко по дршката. Многу е вкусен и е со одличен квалитет.

ЦРН ТАРТУФ (*Tuber aestivum*)
Подземна високоценета комерцијална габа. Се јавува во хумус на варовнички подлоги во листопадни и мешани шуми најчесто под даб, леска, бука, јасен, брест и др. Има силен и пријатен мирис, па за пронаоѓање се користат специјално дресирани кучиња или свињи.

ДАБОВ ЛИШАЈ (*Evernia prunastri*)
- Познат комерцијален вид што се јавува во големи количини на гранки и дрвја, најчесто од даб. Чест и широкораспространет вид, особено во планинските предели.

---

Проект “Информативна мрежа за заштита на разновидноста на габите во басенот на Преспанското Езеро” на Македонското миколошко друштво - Скопје и Европското младинско здружение - Пустец, поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ).

**ММД** **ЕМЗ**